Медиум
весник за сите средношколци
Петок 28.12.2018 V; година бр. 43
www.medium.edu.mk

# Над 130 средношколци од прва рака учеа како работат медиумите




стр. 4



ВОВЕДНИК

ПО ОСУМ ГОДИНИ, ЗБОГУМ „МЕДИУМ“

стр. 2



РЕКОА ЗА „МЕДИУМ“

„МЕДИУМ ЌЕ ГО ПАМЕТАМ КАКО...

стр. 6



ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ИНТЕРВЈУ СО БЕНЕТ МАРКУ, УЧЕНИК ВО „ЗДРАВКО ЧОЧКОВСКИ“ - ДЕБАР

стр. 8

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
Нова Македонија
СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**
**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Александра Теменугова, уредничка на „Медиум“ и проектна раководителка на „Коалицијата за медиумска писменост“

# Збогум „Медиум“

Неполни осум години, од кои последниве три беа интензивна дружба. Така барем говори хронологијата на „Медиум“. Новороденче во далечната 2011г., чии први автори сега веќе се апсолвенти или се вработени. Прекрасно е чувството кога на улица ќе ги видите тие први дописници на „Медиум“ и ќе си размените спомени од каде им дошла инспирацијата за текстот за „Најдобар млад новинар“ или, пак, за тремата кога ги интервјуирале режисерот Милчо Манчевски, ракометарот Филип Миркуловски, Калиопи, Сашко Коцев и... уште многумина други кои беа дел од страниците на првиот и единствен средношколски весник во земјава.

Изминативе три години ја имавме среќата преку проектот „Коалиција за медиумска писменост“, ние - од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и од „Нова Македонија“ со средношколците да дискутираме и работиме новинарство. Со 24-те изданија на „Медиум“ објавивме околу 150 вести за училишни активности, еразмус+ проекти, изложби, стотина ученички колумни во кои младите ги поттикнавме да го кажат своето мислење за нештата кои ги засегаат, стотина интервјуа со познати личности, стрипови и др. Направивме 15 медиумски лаборатории низ цела Македонија. Учевме за тајните на новинарската професија и динамиката на работа во една редакција. Овие лаборатории, кои ги правевме заедно со искусните уредници во „Нова Македонија“, ни беа главен инкубатор за новите генерации дописници на „Медиум“. Направивме три „Медиумски денови“ со што успешно ја продолживме иницијативата којашто прв пат ја реализиравме во 2014 година. Почнавме со шест, а завршивме со осум медиуми кои беа домаќини на вкупно четиристотини ученици, едуцирајќи ги за процесот на раѓање на вестите. Благодарност до „Нова Македонија“, МРТ, ТВ 21, Радио МОФ, Макфакс, ТВ Тера - Битола, ТВ Плус - Куманово, ТВ Вис - Струмица, ТВ 24. Во „Изрази се преку медиумите“ баравме креативен израз кај младите. И го добивме. Над 50 ученици се пријавија на конкурсот за најдобар медиумски производ. Најуспешните 10 учествуваа на Средношколскиот камп за медиумска писменост што летоска го организиравме заедно со колегите од Факултетот за новинарство на универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. Низ четиридневна интензивна работа на терен со предавачите од двата факултета, новинарите од „Нова Македонија“ и 30-те ученици од цела Македонија направивме 15-минутна информативна телевизиска емисија „Прозорец“ и десетина прекрасни фотостории. На крајот изразувам голема благодарност до професорите кои во текот на овие три години ни беа нишката која нѐ поврзуваше со учениците. „Медиум“ немаше да биде тоа што е ако ја немавме поддршката од Жане и Билјана од „Карев“, Тамара од „Орце“, Марина од „Ѓорѓи Димитров“, Емилија од „Јосип Броз-Тито“ - Скопје, Ане од „Зеф Љуш Марку“, Тони од Гевгелија, Снежана од Неготино, Соња од „Јосип Броз-Тито“ од Битола, Фросина од Куманово, Џевит од Дебар и уште многу други од кои барам прошка што не ги собира во овие редови. Благодарност и до Европската Унија која го препозна потенцијалот на овие активности со кои ја разбудивме дебатата зошто ни е потребна медиумската писменост. Но најмногу од сѐ им благодарам на сите ученици кои ја препознаа целта на „Медиум“. Искрено се надевам дека ја научиле основната лекција на новинарството - дека вистината има повеќе страни и дека до неа се доаѓа со проверка на фактите и умно користење на медиумите. Тоа ќе ни биде утеха дека сме успеале во нашата искрена намера - да креираме критичка и медиумски писмена публика.

# Младите од вардарскиот регион ќе „читаат меѓу редови“ и ќе учат за медиумска писменост



Педесетина ученици од прва до четврта година во велешкото средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ учествуваа на првиот форум од проектот „Читај и меѓу редови“. Темата на настанот беше „Медиумска писменост и градење на критички став“.

Целта на проектот е зголемување на свеста на младите за критичко размислување во Вардарскиот регион, преку мотивација за креирање на сопствен став и одговорно изјаснување во јавноста со користење на аргументи и компетентност.

Настанот го организираше професорката по македонски јазик и литература, Магдалена Сарагинова, а имплементатор на проектот е фондацијата за локален развој и демократија „Фокус“ од Велес.

Тимот на фондацијата, новинарките Убавка Јаневска и Даниела Саздова, како и директорот на училиштето, Гоце Алексоски, им се обратија на учениците при што новинарките го промовираа проектот пред учениците и професорите кои предаваат по предмети во чии наставни програми се вклучени содржини од медиумската писменост, односно предметите: македонски јазик и литература, филозофија, етика и информатичка технологија.

Првиот форум го водеше новинарот Саше Димовски. Учениците со внимание ги слушаа примерите што тој им ги презентираше, посочувајќи им како да препознаат дезинформација и лажна вест, како се пишува новинарска вест и кои извори треба да се користат. Настанот им понуди на средношколците интерактивност, кои одговараа на прашањата на Димовски, учествуваа во практичните вежби и покажаа голем интерес за медиумската писменост и критичкото размислување.

Активностите со учениците од прва до четврта година ќе продолжат и во наредниот период кога ќе бидат одржани уште три работилници и еден форум.

# Учениците од Неготино цртаа графити и мурали на градскиот кеј

„Урбано Неготино“ е настанот на кој средношколците од средното училиште во овој град, „Св.Кирил и Методиј“, имаа можност да ја покажат својата креативност и да остават нешто што ќе трае. Станува збор за настан кој беше организиран по Денот на ослободувањето на општината Неготино, на 7 и 8 ноември, и кој имаше за цел да се организира рекреативниот дел од кејот на СРЦ „Младост“.

На настанот, меѓу другото, се цртаа и графити и мурали, а покрај професионалните графит-артисти, и учениците фатија фасадни бои и спрејови в рака и ја покажаа својата креативност. Освен тоа, дел од средношколците беа вклучени и како волонтери кои помагаа во организацијата на настанот. Вкупниот број на ангажирани ученици во оваа манифестација беше околу дваесетина. Организаторите изјавија дека со овој настан се пренесува порака да се чува и разубавува средината во која секојдневно се спортува. Тие се надеваат дека со овој проект успеаја да ја издигнат свеста за екологијата и урбанизмот, како и дека активно ги вклучија младите во реализацијата на нивните идеи.

**Ангела Бојкова, ученичка во СОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Неготино**

# Уште еден Ерасмус проект на „В. А. ДРЕН“

„Обединувачката моќ на уметностите“ е последниот Ерасмус проект на СЕПУГС „В.А. Дрен“ во кој нашите ученици со свои врсници од Турција, Романија, Хрватска и Литванија преку различни културни активности ќе ги осознаваат различностите и културното наследство.

Во следните две години 100тина ученици и 10 наставници ќе ги посетат партнерските училишта со цел изворно да ги осознаат различните култури, големите личности во националните истории, традиционалните танци и музика.

МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

# Каревци по часовите делеа бесплатна облека и храна

Група ученици од СУГС „Никола Карев“ од Скопје, во новогодишната населба „Винтерленд“ во центарот на Скопје, на штандот наречен „Давална“ делеа бесплатна облека, храна, топли напитоци и играчки на социјално загрозените граѓани кои имаат потреба од помош. На штандот тие беа ангажирани по завршувањето на часовите, најчесто во периодот од 18 до 20 часот.

Нивните активности се во рамките на проект за граѓанска култура, односно за учење за форми на граѓански активизам.

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ИНТЕРВЈУ СО БЕНЕТ МАРКУ, УЧЕНИК ВО „ЗДРАВКО ЧОЧКОВСКИ“ - ДЕБАР

# Се врати од Бруклин во Дебар и освои 12 медали за карате



Бенет Марку е 16-годишен средношколец во средното училиште „Здравко Чочковски“ во Дебар. Дебар е родниот град на неговите родители, а тој таму живее од 2009 година. Неговото родно место, пак, е Бруклин, Њујорк - САД. Основното образование го започнал таму, на англиски јазик во училиштето „Роџерс Парк“, а го завршил во Дебар откако решиле семејно да се вратат во Македонија. Денес тој е средношколец во втора година, а меѓу неговите врсници, но и сограѓани е познат како талентиран и успешен каратист. Зад неговото име досега има запишано 12 медали. Покрај каратето, за кое вели дека му е како храна, негова пасија е и виолината, а е вљубен и во поезијата.

**Медиум:** Што те поттикна да се занимаваш со боречките вештини како што е каратето?

Бенет: Заслугите му припаѓаат на татко ми, бидејќи тој ме запиша во карате-клубот „Уранику“ кога имав само 7 години и оттогаш мојата страст за овој спорт не престанува. За мене каратето е храна, ме држи во извонредна психофизичка форма. Го обожавам!

**Медиум:** Кажи ни нешто за твоите успеси, си добил медали, кога и каде?

**Бенет:** Досега имам добиено 12 медали од кои осум бронзени, две сребрени и две златни, а исто така имам и многу сертификати и дипломи кои зборуваат за моите учества на натпревари во и надвор од Македонија. Најголемиот успех во мојата кариера го имам постигнато на Меѓународен турнир во Призрен, Косово, каде што освоив прво место и златен медал, а исто и на „Струга опен“ освоив прво место и златен медал.

**Медиум:** Колку време посветуваш на вежбањето и имаш ли услови за тоа?

**Бенет:** Условите се оптимални, вежбаме по два часа три пати неделно, додека пред натпревари и повеќе од три часа, со помош на тренерите Луан Ѓерѓи и Дурим Пачуку. Нивната помош ме направи професионалец и денес јас сум еден чекор до црниот појас и посветен сум да ја постигнам таа цел.

**Медиум:** Освен материјалните услови, што според тебе му треба на еден спортист за да биде успешен?

**Бенет:** Клучот на успехот на еден спортист е да биде посветен, сериозен во работата, дисциплиниран, со личен режим и скромен во секојдневниот живот, да има почит за противникот и во ниту еден случај да не го потценува истиот. Самозадоволувањето и игнорирањето на спортистот му го губат епитетот на спортист во целосна смисла на зборот, независно од тоа што спортистот до одреден момент постигнал, и тоа може да му ја сруши целата негова кариера.

**Медиум:** Освен карате, во Дебар си познат и по твоите други таленти. Можеш ли да ни кажеш нешто повеќе за преостанатите твои ангажмани?

**Бенет:** Освен карате, вежбам и на два музички инструменти меѓу кои е и виолината. Меѓутоа, не сум постигнал некое високо ниво на изведување. Исто така и поезијата е уште една моја страст. Во основно училиште имам објавено лични творби во списанието на училиштето како и на некои веб-страници, но и денес сè уште пишувам. Мислам дека многу скоро ќе ја објавам мојата прва книга со поезија со различни мотиви.

**Медиум:** Дали учествуваш во културно-уметнички активности во твоето училиште?

**Бенет:** Секогаш сум учествувал во настаните што се организираат во нашето училиште, а најмногу благодарение на мојата професорка по литература Арјета Јани, која ги идентификува и поддржува новите таленти во нашето училиште. Таа постојано ме охрабрува, на пример, ме поттикна да бидам дел од минатогодишната програма за патронатот на училиштето, на која изведував поезија со патриотски карактер. И оваа година сум избран како најдобар изведувач и пак ќе се претставам пред дебарската публика со извонреден материјал, и се надевам дека публиката убаво ќе ме пречека.

**Медиум:** Кои се твоите планови за во иднина?

**Бенет:** Сега сум фокусиран на сето тоа што го кажав досега, сакам да продолжам со училиштето, со каратето, а за плановите понатаму можам да кажам дека размислувам да студирам медицина.

А.Ј.

МЕДИУМСКИ ДЕН

„КАДЕ БЕВМЕ“

# Над 130 средношколци од прва рака учеа како работат медиумите



По четврти пат, Високата школа за новинарство и за односи со јавноста го организираше Медиумскиот ден за средношколците од Македонија.

Вкупно осум медиуми: дневниот весник „Нова Македонија“, МРТ 1 Промо, ТВ 21, ТВ ТЕРА (Битола) и ТВ Плус (Куманово), ТВ Вис Струмица, Макфакс и Радио МОФ беа домаќини на над 130 ученици од Скопје, Дебар, Валандово, Богданци, Кавадарци, Велес, Битола, Куманово и Св. Николе.

Учениците можеа од своите домаќини-новинари да дознаат повеќе детали за функционирањето на различни информативни редакции и медиуми, да дискутираат за новинарската професија, но и да дознаат повеќе за професионалните новинарски стандарди.

Во обиколката на весникот, на пример, средношколците се запознаа со основните карактеристики на печатените медиуми, начинот на функционирањето на дневните весници, како и со новинарскиот производ во печатените медиуми и нивната улога во општеството.

Во Радио МОФ тие влегоа во студиото, се запознаа со техниките на радиоводителството и снимањето емисии.

Домаќините во телевизиите, пак, на учениците им ги презентираа студијата каде што се снимаат вести, им покажаа како изгледа собата за режија, како се прават вести за телевизија итн. Во Макфакс имаа можност одблиску да видат како изгледа еден работен ден во новинска агенција, односно во онлајн медиум, преку интерактивни вежби бараа новинарски грешки итн.

Средношколците истакнаа дека ваквите медиумски денови се добра можност за да се научи како функционираат медиумите и како да се распознаваат вистинските од лажни вести.

Медиумскиот ден се организира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“ што Високата школа го реализира во партнерство со Институтот за различности во медиумите и со весникот „Нова Македонија“, а со поддршка на Европската Унија.

## „КАДЕ БЕВМЕ“















РЕКОА ЗА „МЕДИУМ“

# „Медиум“ ќе го паметам како...



„Нова Македонија“ со задоволство прифати да биде партнер на Високата школа во промоцијата на медиумската писменост. Целта и на Школата и на весникот е иста - да имаме што е можно поголема медиумски писмена публика. Особено ни е драго што „Медиум“ беше, и сè уште е, нашата директна врска со средношколците, што всушност е само логично продолжување на „Колибри“ - нашиот додаток за најмладите, кој опстанува веќе шест децении.

**Марјан Велевски, уредник на веб страницата на „Нова Македонија“**





**Невена Кимова, средношколка во гимназијата „Никола Карев“ - Скопје:**

Најголем успех на еден новинар, според мене, е јасно и прецизно да им ја пренесе веста на другите. Јас успеав да стекнам некои од вештините кои треба да ги поседува еден новинар како дел од еден средношколски медиум. Најпрво, учествував на Кампот за медиумска писменост, којшто ми овозможи да станам медиумски писмен граѓанин како и да го проширам моето знаење во областа на новинарството. Да препознавам кои вести се лажни, што е професионална медиумска содржина, како се прави репортажа,ТВ-прилог и фотосторија. Подоцна сите овие знаења успеав да ги применам и практично преку различни активности организирани од страна на „Медиум“, како во училиштето така и надвор од него. Да се биде дел од „Медиум“ за мене претставува големо искуство преку кое успеав да стекнам нови пријателства и практични знаења што ќе можам да ги применувам во секојдневниот живот.

**Канита Ајдини, средношколка во гимназијата “Зеф Љуш Марку“ - Скопје:**

Помина долго време од летниот камп за медиуми во Штип, меѓутоа работите кои ги научив таму уште ми се свежи како тоа да било денес. За време на овој камп добив знаења за медиумите и запознав друштво од цела Македонија. Работите кои не ги знаев претходно, на пример како да имам подобар пристап до медиумите, како да напишам вест, како подобро да фотографирам или да монтирам видео, ги научив таму. Вештините ги стекнав од професионалци во својата област, кои се потрудија своето знаење да ни го пренесат нам. Постојано ги користам стекнатите вештини и се надевам дека и во иднина ќе можам да учествувам на вакви кампови.



**Тамара Ќупева, Професорка по Македонски јазик во гимназијата „Орце Николов“ - Скопје**

„Медиум“ беше и е платформа на која се учеше за медиумите и која прерасна во отворена форма на ученички активизам и идеи за промена на училиштата и во општествениот живот на младите. Единствен проект што успеа да ги опфати средношколците од цела Македонија и да ги интегрира различностите и мултикултурализмот. „Медиум“ денеска е повеќе од проект. Тој е, и треба да биде општествена практика на којашто ќе се заснова образовниот систем.



**Џевит Мифтароски, Професор по Македонски јазик во гимназијата „Здравко Чочковски“ - Дебар**

Од „Медиум“ и јас како професори учениците излегуваме со одлично искуство и доволно информации за медиумите, за вестите, но и за новинарството воопшто. Признавам дека преку соработката со Високата школа сум многу мотивиран, особено што осознав нови начини за користење на медиумите во наставата. Медиумските лаборатории, Медиумскиот ден, весникот „Медиум“ се ретка можност да им се доближат медиумите на учениците.



**Стефан Митиќ, средношколец во гимназијата „Орце Николов“ - Скопје:**

Двостраната соработка со „Медиум“ е една од најдобрите работи што ми се случуваат во животот, за што сум бескрајно благодарен. Ми се отвораат безброј можности кои се од исклучителна важност. Запознавам успешни луѓе и учам од нив. Пишувањето текстови, вести, репортажи, правењето интервјуа за „Медиум“ и учеството на Медиумскиот ден и Кампот за медиумска писменост во Штип ме изградија како личност. Учам како да пристапам кон информациите што ме опкружуваат, ја развивам својата пасија кон изразување и пишување, а ја совладав вештината на јавно говорење. Сега имам критички став и размислувам аналитички и креативно, истовремено. Верувам дека и во иднина ќе се развивам и успешно ќе придонесам првиот средношколски весник „Медиум“ да остане информативно гласило број еден за секој средношколец.



# Образование? А бе, ајде!

Често се прашувам себеси зошто образовниот систем сака да нè прегази, да направи нешто што не сме, зошто сака да направи да се чувствуваме безвредно?



Како што созревам сфаќам дека не сум задоволна од она што ми се дава како можност за школување. Барам нешто повеќе, нешто што би можело да ме исполни повеќе од очекуваното, повеќе од секојдневната банална активност. Би можела да пишувам за гимназиското образование, но верувам дека не е поинаку ни во преостанатите училишта во Македонија.

Би почнала со ограничувањето и скратувањето на правото на учениците да изберат изборен предмет кој нив најмногу ги засега и кој треба да го изучуваат во текот на целата година. Зошто креативноста се трга настрана?

Исто така, во секој училиштен предмет во рамките на дозволеното може да се употреби индивидуалната, различна замисла на ученикот за време на наставата. Но наместо тоа, професорите се оние кои го водат часот, најчесто со досадни теми кои не нè засегаат нас.

Друго, образовната програма налага 45-минутно слушање на наставата. За време на тој еден школски час, професорот успева да предаде лекција од 7 страници, да испраша неколку ученици и да даде вежби за примена на сè она што сме го научиле истиот тој час.

Имаме 13 предмети. За тримесечје и полугодие, во период од 2-3 недели ни се закажуваат 12 теста и уште неколку испрашувања. И по оние предмети за кои нема графа за писмена оценка во дневникот се прават исклучително тестови по секоја завршена тема. Ученик на 16/17-годишна возраст не е во можност психички да постигне да го научи целиот тој материјал, а ниту, пак, е во можност временски да постигне.

Последниве две години често гледам дека се организираат работилници и предавања за придонес на учениците кон формирање на училишната програма и план за работа и промена на образовниот систем. Не можам да кажам дека нивниот заклучок не е ефикасен, но еве, сè уште ништо не е променето, сè уште си врвиме по старо.

**Бисера Наумовска,**
**СУГСГ „Орце Николов“**

# Социјални мрежи за десоцијализирање и технологија за хендикепирање?

Денес технологијата е насекаде. Сите имаме, ако не друго, барем телефони во нашите раце. Секако, апсурдно е да се замисли денешниот живот без телефон или кој било друг електронски уред. Но дали технологијата колку што ни помага толку повеќе и нè заробува? Дефинитивно ДА.



Седам во кафуле со моите другарки и, секако, кафето не смее да се испие сè додека не биде сликано и објавено на социјалните мрежи. Но не завршува само со сликањето. И понатамошната дружба е заснована на држење на телефонот во рака и пребарување по социјалните мрежи. Нема никаков муабет ниту дискусија. Луѓето се отуѓуваат едни од други. Бегаат од сегашноста и живеат во свои виртуелни светови. Не знам зошто воопшто и социјалните мрежи се нарекуваат социјални мрежи кога само помагаат во десоцијализирање на луѓето и психичко хендикепирање. Никој веќе не знае вистински да ужива, вистински да биде среќен и вистински да ги доживува нештата.

Исто така, технологијата нè води и кон умствен хендикеп. Човечкиот ум е направен да собира информации, да анализира и да носи заклучоци од тоа. Технологијата може да помогне само во првата фаза - собирањето на информации. Но со погрешно користење, кое повеќето и го прават, доведува до недоразвивање на мозокот. Гугл, Јаху и другите пребарувачи се само библиотека на податоци, а немаат способност да ги анализираат и синтетизираат тие податоци наместо нас. Таа способност ја има нашиот ум кој треба максимално да биде искористуван. Тој е како машина која доколку ја запоставиме и ја тргнеме настрана ќе биде зафатена од 'рѓа која ќе ја онеспособи машината.

Децата во фаза на развој половина од своето време го поминуваат пред компјутер, телевизор или на телефон. Физичка активност речиси и не постои. Тоа е како непознат поим за денешните генерации. Деформитетите на 'рбетот, ослабувањето на видот и неправилниот развој на скоро секој дел од телото се секојдневие. Стапката на заболени од тумор на мозокот секојдневно расте и исто така сè повеќе се потврдува и хипотезата дека главен причинител за тоа е зрачењето на телефоните. И сите, повторно, седиме удобно во нашата неудобност пред компјутерот или со телефонот во рака заробени во кафезот на технологијата која го уништува нашето здравје.

И, ако некој ме праша дали сум против технологијата ќе одговорам дека не сум доколку се користи правилно. А, ако ме прашаат дали сум против денешниот начин на користење на технологијата дефинитивно ќе одговорам со едно огромно ДА.

# Дали македонскиот образовен системго пресретнува онлајн-животот на учениците?



Медиумите се развиваат многу брзо, така што ние сме под нивно влијание уште од првите години од нашиот живот. Тие се наоѓаат насекаде околу нас, дома, во автомобилот, на улица, во училиштата, а навикнувањето на нив се случува брзо и незабележливо. Неоспорно е влијанието на медиумите на образувањето и културното збогатување.

Влијанието на медиумите речиси можеме да го изедначиме со влијанието на воспитно-образовните институции. Тие понекогаш се позначајни образовни институции и од самото училиште, бидејќи го надминуваат во обемот на публика, времето и интересирањето кое го посветуваат на таа публика, како и во разновидноста на содржините кои ги нудат. Факт е дека денешните деца се социјализираат на сосема поинаков начин од своите родители. Електронските медиуми доминираат во нивните животи од повеќе причини. Тие придонесуваат во изедначување на социјалните карактеристики на корисниците, бидејќи кога слушате радио, гледате телевизија или сурфате на Интернет никој не може да ги одреди нивото на вашето образование, материјалната состојба, семејните односи, условите на живеење и слично (на училиште тоа го знаат и професорите и учениците), и што е најважно, немате страв од педагошки санкции кои се својствени за традиционалното училиште.

Но дали сите знаеме или имаме учено како да ги консумираме медиумите?

Во нив може да се нудат содржини со дискутабилен квалитет, оправдани само со фактот дека имаат неверојатна гледаност. Мора да се почне со перманентна едукација на децата кои сега се во основните и средните училишта. Нашето општество се соочува со последиците од директното влијание на медиумите врз јавното мислење, на формирањето вредности, навики, авторитет и животниот стил на децата.

Сега треба тука да се вклучат просветните работници. Тие треба да се посредници меѓу медиумите и учениците во периодот на нивното запознавање со медиумите, советници при изборот на видот на медиум којшто им е потребен за одредена цел, како и начинот на употреба на истиот.

Битолската гимназија „Јосип Броз-Тито“, каде што учам и јас, ја има таа среќа од ден на ден медиумски да биде сè пописмена. Да се пофалиме дека оваа година нашата гимназија на меѓуучилишниот средношколски натпревар беше прогласена за медиумски најписмено училиште во Битола. На 18 декември 2013 година, во гимназијата излезе првиот е-весник „Е-око“. Досега се направени 12 е-весници, а последниот е објавен на 22 ноември оваа година. Медиумите и образованието треба да се во симбиоза која ќе резултира со поквалитетно образовани генерации кои во иднина ќе бидат носители на подобро и подемократско општество.

**Теодора Кожуваровска,**
**ученичка во трета година**
**СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Битола**

## Коалиција за медиумска писменост

# Завршна конференција од проектот за медиумска писменост

„Медиумската писменост во образованието - предуслов за учество на младите во општествените и политичките процеси во Македонија“ е конференцијата која на 18 декември се одржа во Скопје во рамки на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив на информации: Коалиција за медиумска писменост“. На настанот се презентираа наодите од истражувањето што Високата школа го реализираше во соработка со Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука. Истражувањето ја анализира состојбата во основното образование во однос на присутноста на медиумската писменост во наставата, резултатите од фокусните групи со наставниците, а е претставена и компаративната анализа на образовниот систем во Словенија и медиумско описменување на учениците. На конференцијата учествуваа и реномирани истражувачи и професори од Хелсинки, Единбург и Лондон, кои ги пренесоа моделите на медиумско образование во своите земји, а се дискутираше и за медиумската и информациската писменост низ перспективите на УНЕСКО.




Со овој настан заврши и тригодишниот проект „Медиумска писменост во ера на наплив на информации: Коалиција за медиумска писменост“, што Високата школа за новинарство и за односи со јавноста го реализираше во соработка со дневниот весник „Нова Македонија“ и Институтот за различности во медиумите од Лондон. Проектот го финансираше Европската Унија.

## СОВЕТУВАМЕ:

# Четири чекори до непробивна лозинка

Социјалните мрежи без сомнение се дел од секојдневието на луѓето, пред сè на младите, а честите вести за злоупотреба на податоците нè потсетуваат дека некој лесно може да дојде до нашите лични податоци, информациите за нашиот приватен живот кои постојано наивно ги споделуваме во комуникациите на Интернет.

**Изберете збор или реченица која лесно се памети**

Во овој случај, како пример ќе го земеме зборот „средношколец“ - srednoskolec. Станува збор за лозинка која воопшто не е проблем да ја запаметиме. Бројот на карактери е 12. Во никој случај лозинката не треба да биде помалку од 6, а најпосакувано за вашата безбедност е таа да биде со минимум 14 карактери. Нашата лозинка „средношколец“ - srednoskolec со наредните чекори ќе ја направиме комплицирана.

**Користете бројки**

На местото на некои букви потрудете се да користите слични бројки. Така, наместо буквата „I“ можете да користите „1“, наместо „Е“ можете да користите „3“ или наместо „О“ можете да користите „0“. А, исто така можете да си создадете и ваше правило. На пример, наместо буквата „а“ да ја користите бројката „6“. Но во нашиот случај ќе се определиме да ја замениме буквата „Е“ со „тројка“ и ќе дојдеме до: sr3dnoskol3c.

**Комбинација од мали и големи**

Најпрактично во овој чекор е првата и последната буква да ги пишувате големи, а преостанатите со мали. Така во нашиот пример ќе дојдеме до: Sr3dnoskol3C. Секако и овде можете да си создадете ваше правило за тоа која буква да ја пишувате голема.

**Интерпункциски знаци**

Користењето интерпункциски знаци можете да го направите според свои правила. Во нашиот случај ќе се одлучиме да користиме запирка, а местата на кои ќе ја употребуваме ќе биде по буквата „о“ и така ќе дојдеме до нашата лесна лозинка за паметење, а комплицирана за откривање: Sr3dno,sko,l3C.

## СТРИП




Во соработка со Стрип Центар - Велес

Јана Бутеска

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

# Конкурс „Замисли ја Европа“

Мрежата на младински медиумски организации во Европа ги повикува сите млади лица, без разлика на возраста и националноста, преку пишана и видеоформа да ја претстават својата визија за тоа како ја замислуваат Европа во 2050 година. Најмалку 5 учесници ќе освојат по 500 евра и ќе бидат поканети на меѓународната работилница со европските носители на одлуки. Потребно е да напишете текст до 500 збора (кој мора да има превод и на англиски јазик) кој ке го пренесете и преку видеопорака. Во видеото може да бидете вие или некој друг кој ќе ја презентира вашата визија. Ако не зборувате на англиски јазик, тогаш видеото треба да има и превод. Можете да го користите и само гласот, а пораката да ја илустрирате со фотографии, видеоснимки и сл. Видеото не смее да биде подолго од 3 минути. Аплицирањето на конкурсот е онлајн на www.imagineeurope.eu, а крајниот рок е 28 февруари 2019 година.

# Фотографски натпревар „РХС“

Кралското хортикултурно друштво организира фотографски натпревар „РХС“ (RHS) на тема градинарство. Конкурсот е распишан за три категории на учесници: под 11-годишна возраст, од 11 до 18 години и над 18-годишна возраст. Целта на натпреварот е да се промовира убавината на фотографирањето, а со годинашната тематика идејата е да се поттикнат луѓето да ги спојат во едно љубовта кон фотографијата и градинарството. Фотографиите треба да бидат инспирирани од хортикултурата, разни видови растенија и животни чија животна средина се градините. Краен рок за аплицирање е 1 март 2019 година. Повеќе информации на: mladiinfo.eu.

# Конкурс за стрип-наградата „лифт“

Издавачката куќа „ТЕМПЛУМ“ годинава за прв пат го распишува конкурсот за наградата „лифт“ за македонски стрип. „Лифт“, инаку, беше име на списанието за стрип кое излегуваше од 1996 до 2001 година, а денес е име и на угледна графичка едиција. Наградата „лифт“ ќе се доделува еднаш годишно. Право да конкурираат за наградата имаат сите граѓани на Република Македонија кои ќе испратат сопствени авторски стрипови до 16 табли (или страници). Предвидени се три награди од 300, 200 и 100 евра за најдобро оценетите автори. Стриповите треба да се испраќаат скенирани, по електронска пошта, до 31 декември 2018 година, на следнава адреса: stripnagradalift@gmail.com. Доделувањето на наградите ќе се случи во јануари 2019 година.